Ненад МИЛАНОВИЌ
самостоен истражувач

УДК 271.2-526.62 (495.02)

# СПОРОТ ОКОЛУ ИКОНИТЕ ВО ВИЗАНТИЈА И ПЕРЦЕПЦИЈАТА НА КОНСТАНТИН ФИЛОСОФ

Иконите се можеби едно од најзначајните наследства од Византија, кои воедно претставуваат обележја што највпечатливо го отсликуваат византиското општество и православната црква.

Зборот *икона* потекнува од грчкиот збор ***εικών*** што означува ʼлик, слика, претстава на Христос или на некој друг свет лик‘. Иконата до денес во Источната црква претставува молитвена слика, преку која се почитува светиот лик прикажан на неа. Или, како што вели Јован Дамаскин: „Иконата е слика и приказ и претстава на некој, која го прикажува она што е насликано. Секако, иконата не е во целост слична на прволикот, односно на она што е насликано, бидејќи едно е иконата, а друго е она што е насликано, така што разликата помеѓу нив се гледа, бидејќи тие две работи не се едно исто“.[1]

Почитувањето на иконите не било каратеристично за раното христијанство. Тоа се појавило во втората половина на II век, и во тоа време било окарактеризирано како паганство. Скриената христијанска уметност во мракот на катакомбите, во раниот IV век почнала да се појавува како декорација во христијанските базилики. Во периодот помеѓу V и VI век, особено кон крајот на VII век, односот кон иконите сосема се изменил, што резултирало со јасно изразен култ кон нив. Со започнувањето на персиските освојувања кон крајот на VII век, подоцна и со арапските освојувања, Византиската Империја и нејзините жители се нашле во многу тешка положба. Тоа предизвикало верска и финансиска несигурност, што придонело да се измени односот кон иконите на сите нивоа во Империјата не само кај верниците туку и кај Црквата и кај императорот.

[1]Јован Дамаскин, *Апологетска слова против опадача светих икона,* III- 16, http://verujem.org/sveti_oci/damaskin_oikonama.html, пристапено на 19 мај 2014 година.

Веќе од 680 година се забележани случаи во кои жителите ги украсувале иконите со венци од цвеќе и палеле свеќи во нивна близина, со што изразувале почит кон личноста што била претставена на иконата, а од која била барана помош за надминување на одредена состојба или била изразувана благодарност кон светецот кој одговорил на нивните молитви.

Само една декада подоцна, во 691/2 година, бил одржан црковен собир, наречен Петошести црковен собир, или според местото на одржување попознат како Трулски собир. Во Актите на овој собир, за првпат се воспоставува канонска легислатива која се однесува на украсувањето на црквите и на религиозните слики.[2] Во три канони од Актите се прави обид за регулирање и контрола на светите слики, а тоа се 73., 82. и 100. канон. Во 73. канон се наложува да се избрише светиот крст од подот на црквите, бидејќи со газењето на крстот се нанесува навреда на светиот знак на победата.[3] Во 82. канон се наредува на светите слики Исус Христос да се претставува во неговиот човечки облик, а не како јагне, како што било правено дотогаш. На тој начин се сметало дека ќе се зачува споменот за него и за неговите страдања, кои тој ги презел за да го искупи светот.[4] Со 100. канон се забранува да се цртаат слики кои ги замајуваат очите и умот и кои го предизвикуваат пламенот на чистата похота.[5]

Наскоро, можеби инспириран од легислативата на Трулскиот собир, императорот Јустинијан II (685–695, 705–711) вовел нов изглед на номизмата, најзначајната монета во Империјата. За првпат ликот на императорот е ставен на задната страна од монетата, а ликот на Исус Христос е ставен на предната страна.[6]

Со зголемувањето на значењето на иконите во секојдневниот живот на жителите на Империјата, околу 720 година започнала и расправата за иконите и за развивањето на култот кон нив. Неправилното разбирање на суштината на иконопочитувањето и зачестените злоупотреби предизвикале спротивно расположение, и тоа првенствено во самата црква, помеѓу епископите. За иницијатор на иконоборската расправа се смета Константин од Наколеја со неговите приврзаници. Тие го сметале иконопочитувањето за идолослужение, односно сметале дека иконопочитувачите станувале идолослужители и

[2] L. Brubaker, *Icons and Iconomahy, A companion to Byzantium* (Oxford, 2010), 325.
[3] Канони петошестог сабора, www.verujem.org, пристапено на 15 август 2013 година.
[4] Канони петошестог сабора, www.verujem.org, пристапено на 15 август 2013 година.
[5] Канони петошестог сабора, www.verujem.org, пристапено на 15 август 2013 година.
[6] L. Brubaker, *Inventing Byzantine Iconoclasm* (London: Bristol Classical Press, 2012), 18.

се бореле против него.[7] Во почетокот на VIII век главни противници на иконопочитувањето, покрај епископот Константин од Наколеја, биле и епископите Тома од Клаудиопол и Теодосиј Ефески, сите од Мала Азија. Од тука се заклучува дека борбата помеѓу почитувачите на иконите и иконоборците најнапред се развила во црковната, а подоцна се проширила и во политичката средина. [8]

Ова биле само зачетоци на иконоборскиот спор, кој ќе доминира во Империјата во следниот век и половина.

Иконоборство (Εἰκονομαχία) го опфаќа периодот од историјата на Византиската Империја од првата половина на VIII век до средината на IX век, кога врховната световна власт официјално се спротивставила и го забранила почитувањето на светите икони. Иконоборството претставува религиозно и политичко движење чија суштина, како што, впрочем, сугерира и самиот термин, е насочена кон оспорувањето на култот кон иконите, како реакција на нивното сè поголемо почитување. Во историографијата, иконоборци биле нарекувани оние што се спротивставувале на почитувањето на иконите, додека, пак, почитувачите на иконите биле наречени иконофили (εἰκονόφιλοι), или иконодули (εἰκονόδουλοι). Овие поими не потекнуваат од периодот на спорот околу иконите, туку започнале да се употребуваат од страна на историчарите во XVII век.

Историографијата посочува повеќе различни видувања за тоа кои се причините за појавата на иконоборството во Византија. Во принцип, истражувачите упатуваат на повеќе причини од различен карактер како резултат на состојбите во Империјата од крајот на VII век и почетокот на VIII век. Затоа, кога зборуваме за причините што довеле до појавата на овој спор, важно е да се земе предвид времето, односно околностите кога се појавил.

Причините за воведувањето на иконоборството биле повеќе-слојни. Но, можеби единствената вистинска причина што довела до иконоборската криза во Византиската Империја е борбата за доминација помеѓу државата и црквата. Во дадените политички и социо-економски услови, императорите-иконоборци сакале да ја наметнат својата власт над црквата. Тие го искористиле растечкиот култ кон иконите, напаѓајќи ја црквата дека таквиот однос не е во согласност со вистинското христијанство. Проблемите во односите помеѓу црквата и државата влечеле корени од римското државно уредување на кое се засновала Византија. Таа, всушност, ги презела

[7] Тотьо Коев, Георги Бакалов, *Въведениев Християнството* (София: Булвест, 1992), 131.
[8] Коев и Бакалов, *Въведениев Християнството*, 131.

придобивките на императорската власт од стариот Рим, каде што владетелот ги имал сите привилегии, при што тој не бил само војсководец и врховен судија, туку и првосвештеник. Верскиот живот бил само еден дел од животот на Империјата, подреден на владетелот.[9] Големите црковни отци на старохристијанскиот период – Анастасиј Велики, Јован Златоуст и многу други, барале јасно да се разграничат световната и духовната власт, истапувајќи со нова идеја за автономија на верскиот живот.[10] Во VII век Максим Исповедникот истапува необично остро против мешањето на световната власт во верските прашања. Така, VII век донел промени не само во државниот и во културниот живот на империјата туку и во односите помеѓу византиската црква и државата.

Периодот на траење на иконоборството, во историографијата се дели на две фази. Првата фаза, односно воведувањето на иконоборството, ја започнал основоположникот на Исавријската династија, Лав III (717–741), во периодот помеѓу 725 и 730 година. Иконоборството ја доживеало својата кулминација за време на владеењето на Константин V (741–775), синот и наследникот на Лав III, кога е официјализирано на таканаречениот Иконоборски собир во Хиерија во 754 година. Во овој период започнало систематско уништување на иконите и прогон на монасите, што резултирало со воочлив пад на уметноста. По смртта на императорот Константин V настапило стагнирање на иконоборското движење, што довело до негово укинување во 787 година од страна на императорката Ирина (797–802). Ирина, која владеела најпрвин како регент на својот малолетен син Константин VI, а потоа и самостојно, била почитувач на иконите. Таа успеала преку промена на службеници во администрацијата, црквата и во војската да создаде услови за свикување нов црковен собир. Во 787 година во Никеја започнал со работа Седмиот вселенски собор, од кој како краен резултат произлегло прогласувањето на иконоборството за ерес, при што било наредено да се уништат сите иконоборски списи, а било вратено почитувањето на иконите. Со тоа завршила првата фаза на иконоборството.

Втората фаза, или реставрацијата на иконоборството, започнала за време на владеењето на императорот Лав V (813–820), во 815 година. Императорот формирал комисија чија задача била да се соберат теолошки материјали кои ќе послужат како докази за враќање

[9] Георгије Острогорски, *О веровањима и схватањима Византинаца* (Београд: Просвета, 1970), 226.
[10] Острогорски, *О веровањима и схватањима Византинаца*, 228.

на иконоборството на нов црковен собир. Собирот се одржал во црквата Света Софија во Константинопол. На овој собир биле отфрлени одлуките од собирот во Никеја и потврдени одлуките на иконоборскиот собир од Хиерија. Иконоборството во втората фаза не ја доживеало жестината карактеристична за првата фаза. Единствено за време на владеењето на императорот Теофил (829–842) повторно успеало да ја покаже силата на отпорот кон почитувањето на светите икони. Во 837 година, на патријаршиската позиција застанал иконоборецот Јован Граматик и со тоа повторно започнале прогоните на иконофилите, особено на монасите. Овие прогони за време на владеењето на Теофил најверојатно имале повеќе политичка, отколку религиозна заднина.[11] Како и во времето на Константин V, на ѕидовите на палатите се појавиле мозаици на кои биле насликани штитови, оружје, различни видови животни, дрвја и цвеќиња.[12] И покрај тоа што императорот и патријархот се обидувале да го оживеат иконоборското движење, тоа веќе ја имало изгубено поддршката на целата територија на империјата, како и во Мала Азија. Најголем број поддржувачи на иконоборството останале само во престолнината и тоа биле главно поддржувачите на императорот, кои ги имало сѐ помалку.[13]

Теофил, последниот иконоборски император, починал на 28 јануари 842 година. Неговиот наследник бил малолетниот син Михаил III, така што регенството го презела неговата мајка Теодора. Додека бил жив Теофил, Теодора не дозволувала да се забележи нејзиното почитување на иконите. Но, веднаш по смртта на нејзиниот сопруг, првата работа со која се зафатила била да го искорени иконоборството во целата империја.

Враќањето на култот кон иконите, Теодора го организирала многу внимателно. Таа имала група добри советници, меѓу кои особено се истакнувал Теоктист, логотет на дромот, кој порано бил иконоборец, но сфатил дека времињата се смениле и дека и тој треба да го измени својот став. Советници на Теодора биле и нејзините браќа Варда и Петрона, кои ги делеле истите уверувања во поглед на иконите. Уште една личност играла голема улога во враќањето на почитувањето на иконите; тоа бил Методиј, кој живеел во палатата околу пет години и кој најверојатно бил духовен советник на

[11] *The Cambridge History of Byzantine Empire*, ed. Jonathan Shepard (Oxford: University Press, 1990), 290.
[12] Леонид Успенски, *Теологија на иконата* (Скопје: Табернакул, 1994), 88.
[13] Георгије Острогорски, *Историја Византије* (Београд: Народна књига-Алфа, 1998), 211.

Теодора.[14] Методиј бил затворен за време на владеењето на Михаил II поради преписките со папата, но во времето на Теофил бил пуштен од затвор и му било дозволено да живее во палатата.[15] Откако биле подготвени плановите за укинување на иконоборството, четиринаесет месеци по смртта на императорот Теофил било објавено дека ќе се одржи собир во Константинопол во почетокот на март 843 година. Притоа била формирана комисија која имала задача да го подготви дневниот ред и сите потребни документи за одржување на собирот.

За разлика од времето на Ирина, црковно-политичкиот преврат е извршен лесно и без отпор, бидејќи на иконоборското движење веќе му било изминато времето и повеќе немало силни приврзаници. Поради тоа, немало потреба од свикување нов црковен собир како за враќањето на иконите во 787 година.[16] При одржувањето на собирот единствен проблем претставувала промената на патријархот Јован Граматик, голем иконоборец, кој бил на тоа место во последните пет години и одбил доброволно да се повлече. По долги преговори, тој се согласил да ја напушти функцијата, а за нов патријарх бил избран Методиј. На собирот одржан во палатата Влахерна биле потврдени актите од Седмиот вселенски собор во Никеја од 787 година и повторно било воспоставено почитувањето на иконите, што претставувало конечна ликвидација на иконоборството.

На 11 март 843 година, недела, во црквата Света Софија во Константинопол официјално била објавена победата на иконофилството над иконоборството. Тоа се случило во првата недела од Великиот пост и во историјата на Црквата е познато како Недела на православието, со значење дека тогаш православието станало доминантна религиска определба. На службата на која се носеле над сто икони присуствувало целото семејство на императорот, како и голем број калуѓери од околните манастири. По ова иконите постепено почнале повторно да се појавуваат на ѕидовите на црквите. Тоа се правело многу внимателно, за да не се предизвика револт кај закоравените иконоборци.

Во овој, на религиски план, бурен период од византиската историја, Теоктист, како главен советник на императорката Теодора и една од повлијателните личности во империјата во тоа време, сосема го презел водењето на државната политика.[17] Тој вовел нов курс кон

[14] Brubaker, *Inventing Byzantine Iconoclasm*, 108.
[15] Joan Mervyn Hussey, *The Orthodox Church in the Byzantine Empire* (Oxford: University Press, 1990), 63.
[16] Hussey, *The OrthodoxChurch in the Byzantine Empire*, 63.
[17] Острогорски, *Историја Византије*, 219-220.

склавиниите на Балканот, со цел да ги придобие на страната на Византија, како одговор на освојувањата на бугарскиот хан Пресијан (836–852) во североисточна Македонија. Новиот курс на византиската власт, под влијанието на Теоктист, претежно се однесувал на образованието на словенските деца во општите и во воените училишта, на доделувањето високи титули, назначувањето словенски управители во одделни словенски кнежевства и на учеството во дипломатско-мисионерските акции.

Логотетот Теокстист бил стар пријател во домот на солунскиот благородник Лав, таткото на Константин и на Методиј.[18] По смртта на Лав, Теоктист го довел талентираниот солуњанин во Магнаурската школа во Константинопол, каде што покрај богословските науки, Константин изучувал граматика, аритметика, географија, астрономија, музика, поезија, реторика, како и латински, еврејски и сириски јазик. По завршувањето на образованието, по препорака на Теоктист, Константин бил поставен за библиотекар во црквата Света Софија при Цариградската патријаршија, а потоа станал професор по филозофија во Магнаурската школа.[19]

Од Житието на Константин можеме да заклучиме дека во периодот кога ја презел катедрата по филозофија, „...патријахот Јован покрена ерес учејќи да не се почитуваат светите икони. Свикаа собор и го осудија дека учи криво и го симнаа од престолот“.[20] Константин Философ, уште како ученик во Магнаурската школа, изградил негативен однос кон иконоборството, кое во тоа време се наоѓало во својата завршна фаза.[21] Од Житието на Константин можеме да видиме дека иако било изминато времето на иконоборството, тоа сѐ уште имало приврзаници во световните и во црковните редови во Византија. Така, Константин неколкупати пред и за време на мисиите бил ставен во позиција да дава одговор на прашања кои директно или индиректно биле поврзани со почитувањето на светите слики.

Според редоследот на настаните во Житието на Константин, откако патријархот Јован бил симнат од патријаршискиот престол, тој рекол: „Со сила ме протераа, но не ме победија во препирањето, зашто никој не може да се спротивстави на моите зборови“.[22] Тогаш

[18] Бранко Панов, *Средновековна Македонија*, 3 (Скопје: Мисла, 1985), 146.
[19] Харалампие Поленаковиќ, *За „Панонските легенди“* (Скопје: Наша книга, Македонска книга, Мисла, Култура, 1987), 12.
[20] *Панонски легенди* (Скопје: Наша книга, Македонска книга, Мисла, Култура, 1987), 28.
[21] Коев и Бакалов, *Въведение в Християнството*, 135.
[22] *Панонски легенди*, 28.

императорот Михаил III, во втората половина на 847 година, откако заедно со патријархот го подготвиле Константин, го испратиле кај Јован Граматик, при што му порачале на поранешниот константинополски патријарх: „Ако можеш ова момче да го победиш во спорот, пак ќе го добиеш својот престол“.[23] Но Јован најпрвин одбил да полемизира со Константин, сметајќи дека тој е премногу млад: „А Јован, кога го виде Филозофот, навидум толку млад, а не знаејќи дека е во умот толку мудар како и тие што беа пратени со него рече: Вие не сте достојни ни за моето подножје, а не да се препирам со вас“.[24]

Започнувајќи ја расправата за почитувањето на светите икони, Јован го запрашал Константин: „Зошто не му се поклонуваме и не го целиваме скршениот крст, а почитувате икони кои се насликани само до појас?“[25] На ова младиот Константин одговорил: „Крстот има четири дела. Ако му нема еден дел, веќе се губи неговата форма, а иконата само со лицето го претставува ликот и сликата заради кои била насликана. Кој ќе ја гледа, нема да види ниту лице на лав, ниту лице на рис, туку лик на тој што го претставува“.[26] По овој одговор Јован продолжил запрашувајќи зошто се поклонуваат пред крст на кој нема натпис, а не ја почитуваат иконата на која не е напишано името на оној што е претставен на неа.[27] На тоа Филозофот одговорил: „Секој крст има форма слична на Христовиот крст, додека иконите сите немаат еднаква форма“. На крајот од полемиката, Јован навел дека Господ му рекол на Мојсиј да не прави никаков лик спроти себе, а Константин го поправил, велејќи: „Да речел Бог: Не прави никаков лик, ти би имал право, но тој рекол: не каков било, т.е. недостоен“.[28] По ова старецот, засрамен, замолкнал.

Бидејќи оваа полемика се одвивала во втората половина на 847 година, не можеме со точност да утврдиме за кој патријарх станува збор во цитатот: „Тогаш царот со патријархот, откако го подготви Филозофот, го испратија против Јована.....“.[29] Дали се зборува за патријахот Методиј (843–847), кој бил поставен од императорката Теодора откако Јован бил принуден да абдицира или, пак, се зборува

[23] *Панонски легенди*, 29.
[24] *Панонски легенди*, 29.
[25] *Панонски легенди*, 29.
[26] *Панонски легенди*, 29.
[27] *Панонски легенди*, 29.
[28] *Панонски легенди*, 30.
[29] *Панонски легенди*, 28.

за патријахот Игнатиј (847–858), бидејќи смената на патријарсите се извршила токму во 847 година.

Следната дебата во одбрана на светите икони Константин ја имал на својата мисија кај Хазарите. Тие испратиле пратеници кај императорот со молба да им испратат учен човек кој ќе им даде совет за состојбата во која се наоѓале, односно од една страна Евреите ги наговарале да ја земат нивната вера и обреди, а од друга страна Сарацените, нудејќи им мир и подароци, вршеле притисок да ја земата нивната вера. Притоа, пратениците на Хазарите му рекле на императорот: „Доколку човекот кој ќе го испратите ги надвладее во спорот Евреите и Сарацените, – ќе ја прифатиме вашата вера“.[30] На оваа мисија Константин, меѓу другите разговори што ги водел кај каганот, со Евреите започнал расправа и за иконите. Имено, Евреите ги обвиниле христијаните за идолопоклонство, на што Константин одговорил: „Најнапред научете се да ги разликувате имињата, што е тоа икона, а што е тоа идол? (...) ...дали била слика онаа скинија што ја догледал Мојсеј на горaта и ја донел долу, и дали тој направил слика на сликата, уметнички, како што прилега, слика со украси-клинци и кожи и килими и извонредни херувими? Бидејќи тој направил така, дали заради тоа ќе ви кажеме дека честите и се клањате на дрво, на кожа и на шаек, а не на бога, кој во тоа време покажал таква слика? Исто е и со храмот на Соломона во кој биле прикажани херувими и ангели и многу други слики. Така, значи, и ние, христијаните, создавајќи икона на божјите угодници, им правиме чест одделувајќи го она што е добро од сликите на демоните“.[31]

Иако Византија била зафатена со криза во периодот од речиси век и половина додека траел иконоборскиот спор, науката доживеала евидентен подем, и покрај скудните податоци што го потврдуваат тоа. За разлика од претходниот период, кога поголемо внимание ѝ се посветувало на духовната мисла, во периодот на иконоборството тоа било насочено кон развитокот на световната наука. Тоа можеме да го согледаме и во *Панонските легенди*, каде што се објаснува дека Константин Философ, покрај богословските науки, во Магнаурската школа изучувал и граматика, аритметика, географија, астрономија, музика, поезија, реторика, како и латински, еврејски и сириски јазик. За време на владеењето на првиот император иконоборец, Лав III, Вселенското училиште било затворено, најверојатно поради спротивставените мислења на учителите и новиот правец што го наметнал императорот. Но стремежот да им се даде значење на

[30] *Панонски легенди*, 34-35.
[31] *Панонски легенди*, 45.

световните науки кон средината на IX век придонел за време на владеењето на императорот Теофил (829–842) повторно да се отвори константинополското вишо училиште.

Константин Филозоф со својата ученост и мудрост успеал да излезе како победник во дебатите со многу учени луѓе, не само од христијанската вера туку и со Евреите и со муслиманите. Тој застанал не само во одбрана на светите икони туку и во одбрана на христијанството, со што придонел за ширење на истото меѓу нехристијанските народи. Преку описменувањето и христијанизириањето на Јужните и на Источните Словени, Византија ќе доживее нов подем како на културен така и на воен и на политички план.

Иконоборството како движење го опфаќа периодот од првата половина на VIII век до средината на IX век, кога врховната световна власт официјално се спротивставила и го забранила почитувањето на иконите. Константин Филозоф бил современик на последните години од опстојувањето на иконоборското движење, пред конечната ликвидација на истото. Како горлив застапник на почитувањето на иконите, Константин Филозоф во своите дебати со противниците докажувал и успеал да ја докаже оправданоста на нивното почитување. Тој со својата ученост и мудрост застанал во одбрана не само на светите икони туку и на христијанството, со што придонел за неговото ширење помеѓу нехристијанските народи.

Nenad MILANOVIKJ

# EMERGENCE, DISPUTE ABOUT ICONS IN BYZANTINE EMPIRE AND DEFENSE OF CONSTANTINE THE PHILOSOPHER IN VENERATION OF HOLY IMAGES

*– s u m m a r y –*

Iconoclasm as a movement covers the period of the Byzantine Empire history from the first half of the VIII century until the mid IX century, when the supreme secular authorities officially opposed and prohibited the icon veneration. Constantine the Philosopher was a contemporary of the last years of the existence of the iconoclast movement, before the final liquidation thereof. As a fervent advocate of icon veneration, Constantine the Philosopher, in his debates with the opponents was proving and managed to prove the legitimacy of their respect. With his learning and wisdom he stood in defense not only of holy icons, but in defense of Christianity as well, which contributed to its spreading among non-Christian peoples.